ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-136/6
22.06.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап на информации од јавен карактер доставено на ден 13.06.2023 година на барателот [redacted] КОНСАЛТИНГ, ул. [redacted] за акредитација на Република Северна Македонија под бр.03-136/5 од 13.06.2023 година, се уважува.

О б р а з л о ж е н и е

До Институтот за акредитација на Република Северна Македонија барателот [redacted] достави барање за пристап на информации од јавен карактер со кое се бараат податоци: дали во Република Северна Македонија постојат акредитирани лаборатории за тестирање на механички својства на градежни материјали-полиуретански декоративни фасадни елементи и доколку постојат истите да им се посочат.
Постапувајќи по барањето, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија како имател на информации констатира дека располага со бараната информација и дека истата е информација од јавен карактер и донесе одлука бараната информација да му се обезбеди односно направи достапни на барателот.
Имателот на информацијата известува дека во Република Северна Македонија нема акредитирана лабораторија за тестирање на механички својства на градежни материјали-полиуретански декоративни фасадни елементи.
Податоците за акредитираните тела за оцена на сообразност со детален опсег на акредитација се јавно достапни на интернет страната на ИАРСМ www.iarm.gov.mk.
Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер

Решено на ден 22.06.2023 година под бр.03-153/6 во Институтот за акредитација на Република Северна Македонија

По овластување на
М-р Слободен Чокревски, Директор на ИАРСМ

Изготвил, Лејла Абди-Емин,
овластено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер
што ги создало или со кои располага ИАРСМ